Бр. 12-737/3
18.02.2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од подносителот ----------- од Бутел, Скопје на 27.08.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 27-тата седницата одржана на 14.02.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предметот со број 12-4052/1 од 27.08.2019 година врз основа на пријава поднесена од подносителот ------------- од Скопје на 27.08.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, во која се укажува на сомневања за неправилности и незаконитости поврзани со несклучување на договор за вработување на работно место полицаец приправник на лицето -------------------- со Министерството за внатрешни работи на РМ, кој како кандидат за полицаец врз основа на склучен договор за основна обука за полицаец со Министерството за внатрешни работи на РМ, заведен под деловоден број 247-61247/1 од 29.09.2015 год. бил упатен на обука во период од една година, од 07.10.2015- 07.10.2016 година, успешно ја завршил обуката за полицаец и освоил 525 бодови.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-4052/1 од 27.08.2019 година, поради непотврденост и неоснованост на наводите содржани во пријавата.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-4052/1 од 27.08.2019 е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител - ----------------.

Во пријавата се укажува на сомневања за неправилности и незаконитости поврзани со несклучување на договор за вработување на работно место полицаец приправник на лицето ----------------- со Министерството за внатрешни работи на РМ, кој како кандидат за полицаец врз основа на склучен договор за основна обука за полицаец со Министерството за внатрешни работи на РМ, заведен под деловоден број 247-61247/1 од 29.09.2015 год. бил упатен на обука во период од една година, од 07.10.2015- 07.10.2016 година, успешно ја завршил обуката за полицаец и освоил 525 бодови.

Со цел проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави Барање за достава на податоци информации со број 12-737/1 од 31.01.2020 година до Министерството за

внатрешни работи- Сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди, во рамките на своите законски надлежности да изврши проверка на конкретниот предмет во врска со склучениот договор со Министерството за внатрешни работи на РМ, заведен под деловоден број 247-61247/1 од 29.09.2015 год. и за утврдената состојба и констатираното да ја извести Државната комисија.

Министерството за внатрешни работи - Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди до ДКСК достави Известување заведено со број 12-737/2 од 11.02.2020 година со кое ја извести ДКСК дека полициските службеници од Одделот извршиле непосредни проверки, собрале потребни известувања и извршиле увид во документацијата, при што утврдиле дека на 11.07.2015 година бил објавен јавен оглас за прием на 600 извршители на работно место "полицаец" за работа во Министерството за внатрешни работи, а согласно член 92 став 5 од Законот за внатрешни работи на основна обука биле упатени 660 кандидати. Министерството склучило договор за вработување само со најдобро рангираните кандидати од Центарот за обука, во согласност со утврдената потреба за бројот на полицајци за кои бил распишан јавниот оглас (600). Согласно утврдената ранг листа од Центарот за обука, Ердуан Љутвиу бил рангиран на 609 место со постигнати 525 бодови и од тие причини Министерството не склучило договор за вработување со ова лице за работното место полицаец приправник.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата и преземените дејствија, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека не се потврдени наводите содржани во пријавата и истите се неосновани.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**